Македонски информативен центар за животна средина

# ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА НА СЕКТОРОТ ЗА 2014 ГОДИНА



Скопје, 23.01.2015

# ПРОЕКТИ

## *РЕАЛИЗИРАНИ ПРОЕКТИ*

- **Развој на план за воспоставување на Национален информативен систем за животна средина**

Времетраење на проектот: 02.2014 – 12.2014

Цел на проектот, реализиран преку IPA/TAIB2009, беше развој на сеопфатен концепт за воспоставување на Национален информативен систем за животна средина со минимум технички, организациски и административни капацитети базирано на принципите на модерната технологија, земајќи ги во предвид најдобрите практики од земјите членки на ЕУ и во согласност со законските барања. Врз основа на одобрениот концепт се разви план за воспоставување на национален информативен систем за животната средина, како стратешки документ, и се подготвија технички процедури за интегрирање на постојните компоненти: информативен систем за квалитетот на воздухот, биолошката разновидност и управувањето со отпадот во една централна релациона база на податоци.

- **Нов web портал на Министерството за животна средина и просторно планирање moepp.gov.mk**

Координација на активностите за изработка на апликативното CMS решение за новиот web портал на Министерството за животна средина и просторно планирање. По барање на МЖСПП во концептот за развој на порталот се внесени многу технолошки новини кои овозможија мултимедијалност на порталот. Беше извршена миграција на историските содржини од базата на стариот портал на МЖСПП во новиот портал. RDF – интеграцијата која е имплементирана овозможува на порталот на Европската Агенција за животна средина да се преземаат содржини од порталот на Министерството за потребите на SOER.

- **„Зајакнување на капацитетите на невладините организации за РИПЗ - Протоколот во Македонија – Правото да знам – во моментов„**

Времетраење на проектот една година 11.2014-10.2015

Активно вклучување во активностите на проектот во кој се предвидени промоција на РИПЗ –Протоколот преку кампањи за подигање на јавната свест како и одржување на 3 работилници за запознавање на сите чинители за улогата и обврските на Република Македонија како земја – потписничка на Протоколот. Од проектот ќе произлезат следниве документи:

- Студија за РИПЗ Протоколот во Македонија (печатена во 1000 примероци)
- Стратегија за меѓусекторска соработка за РИПЗ во вид на брошура (печатена во 1000 примероци)
- Промотивни листови за РИПЗ (двојазични) (печатена во 10000 примероци)

*ПРОЕКТИ КОИ ЗАПОЧНУВААТ ВО 2015*

**Твининг проект "Понатамошно зајакнување на капацитетите за ефективна имплементација на acquis во областа на квалитетот на воздухот" – IPA TAIB 2012- почеток** во март 2015 година

Во насока на продолжување на активностите за управување на квалитет на воздухот во рамките на програмата IPA за 2012 година ќе започне трет Твининг проектот со наслов "Понатмошно зајакнување на капацитетите за ефективна имплементација на acquis во областа на квалитетот на воздухот" со времетраење од 2 години. Во проектот ќе биде вклучен и Институт за јавно здравје со цел оценка здравствените ефекти од аерозагадувањето.

Во текот на 2014 година се финализираше твининг фишето во консултација со Делегација на ЕУ и Секторот за централно финансирање и склучување на договори (CFCD). Се изврши евалуација на понудите и се подготви договор и работен план, и истите се доставија во CFCD со цел понатамошно проследување и одобрување од делегацијата на ЕУ.

## ТЕМАТСКИ ОБЛАСТИ И ОБВРСКИ ЗА ИЗВЕСТУВАЊЕ

### ВОЗДУХ

**Државен автоматски мониторинг систем за квалитет на амбиентен воздух**

- Редовно и континуирано одржување на 17 мониторинг станици за квалитет на амбиентен воздух.
- Со последната набавка на резервни делови од 4.000.000,00 денари, се изврши сервисирање и калибрација на 15 мерни инструменти. Во декември 2014 се изврши набавката на лагери за пумпите, со што се овозможи сервис и калибрација на дополнителни пет инструменти. Поставени се нови климатизери во станиците во Кавадарци и Лисиче, а сервисран е климатизерот во станицата во Кочани, со што се овозможи константна работна температура од 21–25ОС во станицата, а со тоа и континуирана и непречена работа на мерните инструменти.
- Извршена е дислокација на мониторинг станицата во Тетово, од дворот на Гимназијата Кирил Пејчиновиќ во основното училиште Кирил и Методиј, во периодот 11 – 12.11.2014 година и истата е повторно ставена во функција.
- Со цел утврдување на хемискиот состав на честичките, односно утврдување на концентрациите на тешки метали во амбиентниот воздух, во период од јули до декември 2014, се вршеа индикативни мерења на пет локации во државата во близина на поголемите индустриски капацитети (Југохром Фероалојс, Усје, Макстил, РЕК Битола и Фени).

## Калибрациона лабораторија

Калибрација на анализатори се вршеше со статички калибрационен систем и секундарен динамички калибрационен систем.

## Административни документи

Изготвување на оперативна годишна програма за работа на ДАМСКАВ, Стандардни оперативни процедури за работа на ДАМСКАВ, Годишна листа на резервни делови потребни за работа на Државниот автоматски мониторинг систем за квалитет на воздух и калибрациона лабораторија, Годишна листа на неопходни гасни смеши за калибрација за потребите на ДАМСКАВ и калибрационата лабораторија, Спецификација за годишно осигурување на системот, Годишен план за одржување и сервисирање на државниот автоматски мониторинг систем за квалитет на воздух, ревизија на пасош за секоја мониторинг станица посебно.

## Обработка на податоци

- Валидација, анализа и соодветна обработка на податоците од мониторинг станиците во базата на податоци од AIRVIRO системот.
- Подготовка на информации за web порталот за воздух
- Прибирање обработка и анализа на податоци за квалитет на амбиентниот воздух добиени од Центрите за јавно здравје, од поединечни извори на емисија кои го следат квалитетот на воздухот
- Прибирање, обработка и анализа на податоци за емисии во воздухот, добиени од големите согорувачки извори, металуршките и индустриските инсталации, како и сите останати кои вршат самомониторинг на емисиите
- Обработка на податоците за квалитет и емисии во воздухот во форма за потребите на: Статистички извештаи и потребите на Управата за животна средина (Одделение за ИСКЗ) при подготовката и издавањето на А-ИСКЗ дозволите.
- Анализа и обработка на податоци со цел дефинирање на горните граници – плафони на поедини загадувачки супстанци за емисиите во воздухот

## Моделирање

- Подготовка на карти на загадување од PM загадувачки честички од стационарни извори за Скопје, со анализа на податоци од емисија земени од Катастар на загадувачи на воздух од 2008 година. Моделирањето беше направено со користење на метеоролошки податоци за 2010 година и податоци од емисија само од големите загадувачки капацитети во Скопје.

## Законска регулатива за воздух

Подготвени и донесени се следните подзаконски акти:

- Правилник за деталната содржина и начинот на подготвување на краткорочните акциони планови за заштита на амбиентниот воздух (Сл. Весник на Р.М бр. 148/2014)
- Правилник за деталната содржина и начинот на подготвување на планот за подобрување на квалитетот на амбиентниот воздух (Сл. Весник на Р.М бр. 148/2014)
- Правилник за измени и дополнувања на правилникот за количините на горните граници-плафоните на емисиите на загадувачките супстанции со цел утврдување на проекции за одреден временски период кои се однесуваат на намалувањето на количините на емисиите на загадувачките супстанции на годишно ниво (Сл. Весник на Р.М бр. 111/2014)

Конвенцијата за прекугранничен пренос на аерозагадувањето - CLRTAP

- На 32-от состанок на Извршното тело беше одлучено да се прифатат предложените вредности за горните граници – плафони за Анекс II од Гетеборгшкиот протокол и Анекс II од Протоколот за сулфур од 1994 година за Република Македонија. Со усвојувањето на Анекс II од Гетеборгшкиот протокол Македонија во септември 2014 година стана рамноправна и прва членка на овој протокол од земјите во развој која не е членка на ЕУ.
- Учество на состаноци на работните тела на конвенцијата: Работна група за стратегии и прегледи, Управно тело на ЕМЕП, Имлементационен комитет и Извршно тело.

Поткомитет за транспорт, животна средина, енергетика и регионален развој

Медиум воздух

- Подготовка на материјали и презентација за 10тиот состанок кој се одржа во Брисел
- Подготовка на квартални извештаи
- Подготовка на други извештаи и статус на активности

---

Известување кон EEA и UNECE - воздух

- Ажурирање на CORINAIR инвентарот по сите сектори за 2012 година и рапортирање на истите до EEA и UNECE/CLRTAP
- Известување во однос на барањата на UNFCCC
- Ажурирање на CORINAIR инвентарот за 2013 година за нивно испраќање во 2015 година
- Податоците за квалитет на воздух се испратени до EEA (Европската агенција за животна средина) во септември 2014 година до Европскиот тематски центар за воздух и климатски промени

## ВОДА

**Собирање и обработка на податоци на вода како медиум на животната средина и земјоделието во Република Македонија**

Собирање, обработка и презентирање на податоците од државната мониторинг мрежата за води и тоа за:

- за хидролошка состојба на реките и езерата од мониторинг мрежата на УХМР
- квалитативната состојба на реките од РИМСИС во рамките на УХМР,
- квалитативната состојба на Охридското Езеро од истражувачките дејности на ХБЗ
- физичко-хемиски и микробиолошка исправност на водите наменети за капење, наводнување и напојување на стока, спроведено согласно за Планот за мониторинг на ИЈЗи нејзините регионални центри.

**Собирање и обработка на податоци за емисии во вода како медиум на животната средина и земјоделието во Република Македонија**

Собирање, обработка и презентирање на податоците од самомониторингот на Компании кои доставуваат податоци до МИЦЖС.

**Учество во работната група за формирање на информативен систем за води кој се изработува во рамките на проектот – „Техничка помош за зајакнување на институционалните капацитети за приближување и имплементација на на законодавството за животна средина во областа со управувањето со води во РМ„ преку анализа и достава на следнива податоци:**

- Квалитет на реки од 20 мерни места од мониторинг мрежата на УХМР за периодот од 2000-2013 година
- Проток на реки од мониторинг мрежата на УХМР за период 2000-2013 година
- Ниво на подземни води од моноторинг мрежата на УХМР за период од 2000-2012 година

---

**Известувања кон ЕЕА - вода**

Поради модификација и дефинирање на нов сет на податоци за известување од Страна на Европската агенција за животна средина , оваа година известување за статусот на водите беше стопирано.

## ОТПАД, ПОЧВА И ЗЕМЈОДЕЛИЕ

**Анализа и обработка на податоци**

- Собирање, обработка и анализа на податоци и информации за: опасен отпад од индустриски контаминираните локалитети-жешки точки, како и други

правни и физички лица кои создаваат опасен отпад, комунален и друг вид на неопасен отпад од општините, медицинскиот отпад и отпад од пакување и отпадни батерии и акумулатори. Во делот за земјоделие обработени се податоци за површини со органско земјоделство, употреба на минерални ѓубрива и употреба на средства за заштита на растенијата.

### Конвенција на Обединетите Нации за борба против опустинување

- Во тек е проект за изработка на Национална акциона програма за борба против сушата и опустинувањето.
- Подготовка и учество на Конференцијата за наука и технологија и Комитетот за ревизија на имплементацијата на UNCCD Конвенцијата, кои се одржаа во Бон, Германија.

### Известување кон ЕЕА - отпад

- Изготвена публикација - Управување со комунален во Република Македонија.

### Известување кон ЕЕА - биодиверзитет

- Известување за националните заштитени подрачја во Република Македонија - CDDA-база во март 2013 година.

## БУЧАВА

### Обработка на податоци

Прибирање обработка и анализа на податоци за бучава во животната средина добиени од Центрите за јавно здравје во Битола, Кичево и Куманово, кои вршат проценка на штетното влијание на комуналната бучава врз експонираното население на повеќе мерни места, работни состаноци со институциите и општините надлежни за изработка на стратешки карти. Учество на редовен работен состанок за бучава во ЕЕА.

### Известување кон ЕЕА - бучава

Пополнување на прашалниците на ЕК за бучава во животната средина со податоци од Македонија.

## ИНФОРМАТИЧКА ТЕХНОЛОГИЈА

- Обезбедување мрежни сервиси (LAN и WAN) за потребите на Министерството за животна средина и просторно планирање

- Network/end-user сервиси на сите локации на Министерството
- Обезбедување e-mail сервис и поддршка за сите вработени во МЖСПП
- Обезбедување централизирана заштита од компјутерски вируси со антивирусен пакет Kaspersky Security.
- EIONET TELEMATIC - Европска мрежа за информирање, набљудување и размена на информации за животната средина на Европската агенција за животна средина
- Проект www.uslugi.gov.mk -публикување на одговори на доставените прашања на порталот
- Техничка поддршка за користење на веб апликациите за Електронска седница за подготовка и доставување на информации за Владините седници
- Администрација на опрема за имплементација на Single Window проектот на Царинската Управа на РМ
- Администрирање и техничка поддршка на document management system (ДМС)
- Администрирање на Web порталот на МЖСПП
  - Изготвување на техничка спецификација за тендерска документација за изработка на нов Web Content management system
  - Воведување во работа на извршителот на услугата и постојана работна активност со фирмата извршител околу доставување на неопходни материјали и осмислување на целата структура на новиот веб портал на МЖСПП
  - Пуштање во функција на новиот веб портал на МЖСПП
  - Миграција на содржини од старата веб страна на МЖСПП
  - Дневно ажурирање на содржини на порталот
- Администирирање на портал за квалитет на воздухот airqualty.moepp.gov.mk
- Администирирање на портал за wastemanagamentewmis.moepp.gov.mk
- Администирирање на портал за мали хидроцентрали shpp.moepp.gov.mk
- Администирирање на портал за регистар на загадувачи prtr.moepp.gov.mk
- Администирирање на портал за електронско издавање на дозволи за отпад wme.moepp.gov.mk
- Мониторинг на официјалната email адреса на МЖСПП: infoeko@moepp.gov.mk
- Инсталација на апликација Микроучење
- Техничка подготовка на Годишен извештај од обработени податоци за квалитетот на животната средина во 2013 г.
- Техничка подготовка на ИНДИКАТОРИ во животната средина за 2013 (македонска и англиска верзија)

- Активности на ИТ одделението како дел од работната група за open data проектот на МИОА, по предлог на Министерот за животна средина и просторно планирање

## ВОСПОСТАВУВАЊЕ И ОДРЖУВАЊЕ НА ИНТЕГРИРАН КАТАСТАР ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА

Испратени прашалници до индустриски субјекти кои имата А –интегрирана еколошка дозвола и до оние кои имаат алицирано за истата. После што следеше собирање и обработка на тие податоци со цел ажурирање на податоците од Катастарот.

Обработка и достава на постоечките податоците за потребите на различни чинетиели, вклучувајќи го тука и обработка на податоци за потребите на проектот „Техничка помош за зајакнување на институционалните капацитети за приближување и имплементација на на законодавството за животна средина во областа со управувањето со води во РМ„

**Протокол за регистри за испуштање и преносување на загадувачки материи - ПРТР**

Испратено писмо до идентификуваните ПРТР инсталации за потсетување на нивната обврска за известување по ПРТР Протоколот со цел ажурирање на Регистарот со податоци од 2013 година. Податоците се внесени во базата и се објавени на ПРТР веб порталот (www.prtr.moepp.gov.mk).

## GLOBE ПРОГРАМА

- Ревизија на вебот за GLOBE Програмата и ажурирање на делот за GLOBE во Македонија на страната на GLOBE интернационал
- Пополнување на годишен прашалник на барање на GLOBE интернационал
- Учество на годишна GLOBE конференција на националните координатори

## ИЗВЕШТАИ ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА

### *ИЗВЕШТАИ И ИНФОРМИРАЊЕ*

- Секојдневно подготвување на информација за квалитет на воздух согласно податоците добиени од ДАМСКАВ, која се доставува до Градскиот центар за известување и тревожење и до Собрание на Град Скопје, подготвка на месечни извештаи од добиените податоци од ДАМСКАВ,
- Подготовка на годишен извештај од обработени податоци за сите медиуми на животната средина, со изработени карти со геоориентирани податоци од

сите медиуми на животната средина, информирање на физички и правни лица на нивно барање за состојбата со одредени медиуми и области во животната средина. Оваа година за прв пат извештајот е надополнет со нови тематски погравја, а методологијата на изработка на извештајот е во согласност со правилникот за SOER и се наога на веб страната на министерството.

### *ИНДИКАТОРИ ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА*

- Ревизија и публикување на индикаторите на Република Македонија.
- Подготовка на индикатори за проектот SENSE 3 и електронско поврзување на национални индикатори со индикаторите на ЕЕА – публикувани на веб страната на министерството.

### *ЛИСТА НА ПОКАЗАТЕЛИ*

Изработена на Листата на показатели за секој показател поединечно, одржани состаноци и консултации со релевантните институции, доставена за усвојување до Владата на Република Македонија.

### *ИЗВЕШТАЈ ЗА СОСТОЈБАТА И ПЕРСПЕКТИВАТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА ВО ЕВРОПА – SOER2015*

- Овој извештај претставува клучен интегриран документ на ЕЕА, кој се изработува на секои 5 години, и во рамки на континуирани активности, изработено е националното поглавје за Република Македонија - Country briefing.
- На барање на ЕЕА, во делот за компаративност со земјите од Европа, МИЦЖС ги изработи индикаторите за животната средина.

Извештајот ќе биде промовиран во Европскиот Парламент во март 2015, како клучен документ за креирање и донесување на политиките во животната средина во Европа.

## ОСТАНАТИ АКТИВНОСТИ

### *ИНФОРМАЦИИ ЗА ВЛАДА*

- Информацијаза состојбата на Државниот автоматски мониторинг систем за квалитет на амбиентен воздух (квартална)
- Извештај за мерењата на квалитет на воздух на неделна основа
- Информација за состојбата со квалитет на амбиентниот воздух на месечно ниво
- Информација за проценка на точноста на мерењата од статичните мониторинг станици со употреба на новите мобилни уреди, план за употреба

на мобилните уреди за 2014 година, план за дислокација и проширување на ДАМСКАВ

- Информација за акредитација на лабораториите во надлежност на Министерството за животна средина и просторно планирање и за обезбедување на целосна функционалност на ДАМСКАВ и квартална информација за прогрес
- Информација за повторно ставање во функција на мониторинг станиците кои се исклучени, за квалитет на амбиентен воздух
- Информација за резултатите од хемиската анализа на филтрите од мерењата на концентрациите на PM10, извршени во лабораторијата на Австриската агенција за животна средина
- Информација за усвојување на Национална листа на показатели, 2014
- Информација во врска со реализација на проектот "Развој на план за воспоставување на национален информативен систем за животна средина"

*ИНФОРМАЦИИ ЗА КОМИТЕТ ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ЗДРАВЈЕ*

- Информација за тоа колку би се намалило загадувањето на воздухот во проценти кога сите домаќинства во градовите Скопје, Тетово и Битола кои се грејат на мазут, дрва, јаглен и нафта би се загревале на пелети
- Информација за статусот на лабораторијата за определување на хемиски состав на честичките, со детален акциски план со рокови, буџет и одговорни лица
- Информација за резултатите од мерењата со двете мерни станици за мерење на присуство на ПМ честичките за периодот помеѓу два одржани Комитета
- Интегриран документ за загаденоста во Град Скопје за да се одреди учеството на сите посебни фактори во целокупната загаденост, со предлог - мерки за секој од поединечните фактори
- Информација за искуството на другите држави за начинот на прогласување на вонредна состојба доколку има зголемена загаденост на воздухот (во последователен период)

*НПАА*

- Континуирано неделно ажурирање на матрицата за квалитет на воздух, подготовка на месечни и квартални извештаи
- Ревизија на НПАА во областа на Квалитетот на воздух за период 2015-2017 година
- Редовно ажурирање на матрицата за делот хоризонтала.

*ПРОГРЕС МОНИТОРИНГ*

- Подготовка на кореснодентни табели и имплементациони табели за директивите (2001/81/ЕЦ, 2008/50/ЕЦ, 2004/107/ЕЦ) - циклус 9.

*ТЕХНИЧКИ КОМИТЕТИ - ИНСТИТУТ ЗА СТАНДАРДИЗАЦИЈА (ТК 17 и ТК 3)*

Воведување на европските стандарди и ИСО методите, со метод на индосирање (превод и технички корекции на насловите на стандардите) при што се додава ознаката МК наместо ЕН. Техничките комитети ги преведуваат и усогласуваат насловите на стандардите, подготвуваат програма на работа и листа на приоритизација на усвојување на стандарди за соодветните области.

Претставници на Секторот учествува на состаноците на Техничките комитети ТК 17 за квалитет на вода и воздух и ТК 18 за акредитација, оцена на сообразност и метрологија на кои се преведуваат и усогласуваат насловите на стандардите - методите за мерења.

*ВОВЕДУВАЊЕ НА ИСО 9001*

Пополнување образец со процеси и подпроцеси за секој провцес поединечно за воведување ИСО 9001 стандард во работата на Министерството.

## МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА СО ЕВРОПСКА АГЕНЦИЈА ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ДРУГИ МЕЃУНАРОДНИ ИНСТИТУЦИИ

*ЕВРОПСКА АГЕНЦИЈА ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА - ЕЕА*

ЕЕА има за цел да биде препознаена како водечката институтија во светот која ќе овозможува навремени, релевантни и достапни информации, знаење и проценки за животната средина во Европа. На овој начин, институциите на Европската заедница, носителите на одлуки, но и пошироката јавност, имаат можност да идентификуваат, подготват и имплементираат ефективни политики и мерки за заштита на животната средина и преку мониторинг, евалуација и соодветни проценки за следење на резултатите.

Соработката на МИЦЖС со ЕЕА, се одвива континуирано во рамки на EIONET мрежата на експерти и согласно стратешките документи на ЕЕА, насочени кон имплементација на Европските акциони програми (7ЕАР), Стратегијата за одржлив развој на ЕУ и Заедничкиот информативен систем за животна средина во Европа. Националните тематски експерти од Република Македонија, координирани од МИЦЖС, учествуваат во редовните EIONET состаноци и обуки, со што се зајакнуваат националните капацитети за исполнување на обврските за известување кои ги има Република Македонија кон ЕЕА, Европската Комисија и други релевантни институции.

Успешната соработката и размената на искуства со соседните држави, особено со колегите од Албанија и Косово, се одвиваат билатерално и во рамки на ИПА проектот за учество на земјите од Западен Балкан во редовните активности на ЕЕА. Покрај активностите за јакнење на националните капацитети, на овој начин се овозможува

и унапредување на соработката помеѓу земјите аспиранти за членство во ЕУ, размена на искуствата во однос на националните мониторинг системи, потребите за изготвување на извештаи за состојбата на животната средина и други тематски активности поврзани со законодавтството на ЕУ.
Во рамки на InSEIS проектот на ЕЕА, Република Македонија преку МИЦЖС за прв учествуваше во работна мисија во Молдавија, со цел пренесување на искуствата за развој и изработка на национални индикатори за животната средина, како и предизвиците за усогласување на националните индикатори со Основниот сет на индикатори на ЕЕА – CSI.

- Учеството на Република Македонија во мисиите за јакнење на капацитетите на земјите од Истокотот за изработка на индикатори за животната средина, ќе продолжи и во 2015 година, во координација со проектните менаџери на ЕЕА.

Во рамки на ЕПА мрежата, каде однеодамна членува и МИЦЖС, на последниот состанок во Приштина 24-26.09.2014 се воспостави Интерес Група за Западен Балкан, чија цел е да се унапреди соработката помеѓу релевантните национални институции, и да се разменуваат искуствата во однос на имплементацијата на политиките во животната средина.

- Планираните активности за 2015 година се однесуваат на усвојување на таканаречениот - Scoping Paper – документ за обсегот на активности во рамки на Итерес Групата и усвојувањето на активности со кои земјите од Западен Балкан ќе се доближат на приоритетите и целите наведени во Седмата акциона програма на ЕУ – 7ЕАР.

### *АКТИВНОСТИ ВО РАБОТНИТЕ ГРУПИ НА UNECE*

Соработката со UNECE произлегува од членството кон следните конвенции: Конвенција за прекугграничен пренос на аерозагадување, Конвенција за борба против опустинување, Архиска конвенција и обврските за нивно спроведеување кои се во надлежност на МИЦЖС. Воедно МИЦЖС дава Преглед на состојбата во земјата и пополнување на податоци за индикатори согласно темплејтот на UNECE за сите медиуми и области на животната средина.

### *СОРАБОТКА СО ДЕЛЕГАЦИЈА НА ЕУ*

Соработка со делегација на ЕУ е континуирана и произлегува од тековните и планираните проекти финансирани од ЕУ и мисиите во рамките на TAEIX програмата.

### *СОРАБОТКА СО АМБАСАДИ*

МИЦЖС има подготвено одговори на барања за состојба со квалитет на воздух за Германска амбасада, амбасада на САД и амбасада на Катар во РМ. Со претставници на амбасада на САД остварена е средба за истата тематика.

*СОРАБОТКА СО ЛОКАЛНА ВЛАСТ*

Соработката со ЕЛС произлегува во одговор на барања на податоци за емисии и квалитет на воздух потребни за дефинирање на мерки за заштита на воздуот. Воедно стручните лица од МИЦЖС даваат поддршка во подготовка на локалните плански документи и учество на јавни трибини организирани во општините со цел подигање на јавната свест за загадувањето на воздухот. Се очекува подобрување на соработкате преку вклучување на претставници на ЕЛС во активностите на идниот твининг проект за воздух.

*СОРАБОТКА СО СОСЕДНИ ДРЖАВИ*

Соработката со соседните земји се одвива преку организација на работилници во рамките на програмата TAIEX-ECRAN каде се врши размена на искуства на балканските земји во транспонирање и имплементација на барањата на директивите за воздух.

*ОДГОВАРАЊЕ НА БАРАЊА ВРЗ ОСНОВА НА АРХУСКА КОНВЕНЦИЈА*

Анализа и подготовка на извештаи за да се одговори на барањата на јавноста.

Раководител на сектор
Светлана Ѓорѓева



